ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 9 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS 5 АНГЛИСКИ ЈАЗИК ЗА ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 9 Holiday plans 6 часа | Време за реализација: јуни 2026 |
| Изготвил/-а: | Од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Лексички единици:**<br><br>инструкции: *answer, question, dialogue, conversation* | Препознава значење и соодветно одговара на дадени усни и/или писмени инструкции. | **1 час**<br><br>**___.__.2026**<br><br>**Час број 103** | ***Воведна активност***<br>Наставникот започнува така што имитира познат спорт, на пример пливање, и им објаснува на учениците дека тоа е активност што некои луѓе ја прават за време на одмор; потоа на таблата го запишува зборот *Holidays* во круг и заедно со учениците изработува мапа на зборови со други активности што ги прават на одмор, додека ги поттикнува да предлагаат идеи и да го користат веќе познатиот вокабулар.<br>***Главни активности***<br>Наставникот ги прикажува флеш-картичките со активности што учениците ги споменаа во загревање, ги извлекува зборовите од нив и ги поставува околу мапата на зборови на таблата; потоа ги користи другите флеш-картички за да ги претстави новите активности поврзани со одмор, изговарајќи ги фразите јасно и поттикнувајќи ги учениците да повторуваат по него.<br>***Завршна активност***<br>Наставникот им задава на учениците индивидуално да напишат најмалку две активности што ги прават во зима, користејќи го кодот од Тетратката, Активност 1; потоа учениците ги разменуваат своите кодирани пораки со партнер и ги дешифрираат одговорите; на крајот, наставникот ги собира и споделува идеите со целиот клас.<br>***Рефлексија***<br>Наставникот дава кратки насоки како да се пополни листата за самооценување поврзана со активностите на дениот час.<br>**Вреднување на работата на учениците** | • Учебник<br>• Наставнички прирачник<br>• Табла (обична или бела табла)<br>• Фломастери / креда<br>• Проектор / интерактивна табла<br>• Флеш-картички (flashcards)<br><br>**Аудио уред или звучник** – За пуштање снимки (приказни, дијалози, песни). | -Дискусија (активно учество на час)<br><br>-изработка на картичка (картички со слика,опционално) |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **преку формативно следење**<br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа<br><br>**Диференцирани активности:**<br><br>Доколку кај некои ученици се појави потешкотија во совладување на содржината (потешкотии во покажување и изговарање на зборовите), доволно е само да се илустрираат сликовните картички.<br>**Рефлексија**<br><br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | чек листа-скала на проценка |

Евидентен лист пополнет на крај на часот од учениците –Чек листа

| СКАЛА НА ПРОЦЕНКА | СКАЛА НА ПРОЦЕНКА |
|---|---|
| Моето учество во групата беше | Моето учество во групата беше |
| GOOD OK BAD | GOOD OK BAD |
| Препознава значење и соодветно одговара на дадени усни и/или писмени инструкции. | Препознава значење и соодветно одговара на дадени усни и/или писмени инструкции. |
| GOOD OK BAD | GOOD OK BAD |
| Каде треба да се подобрам | Каде треба да се подобрам |



resursi.literatura.mk

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 9 Holiday plans 6 часа | Време за реализација: јуни 2026 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| **Содржина (и поими)** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио за часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Граматички структури:**<br><br>прашални зборови (*Whose, Which, How*) | Прави разлика и правилно ги користи (усно и писмено) прашалните зборови *Whose, Which, How* и одговара на прашања кои ги вклучуваат овие прашални зборови. | **1 час**<br><br>**___.__.2026**<br><br>**Час број 104** | ***Воведна активност***<br>Наставникот започнува синџир игра , на пример: „Одам на одмор на море. Во мојата торба го имам мојот албум.“ Ученикот А ја повторува почетната реченица и додава нов предмет, на пример: „и моите шорцеви.“ Наставникот повикува различни ученици по случаен избор да го продолжат синџирот. Кога во торбата има околу осум предмети, се започнува нов синџир. Активноста се повторува со различни почетни реченици, како: „Одам на одмор во планина“, „Одам на кампување“, „Одам на планинарење“<br>***Главни активности***<br>Наставникот ја изведува првата реченица како пример со целото одделение. Потоа наставникот проверува дали учениците разбираат што треба да направат. Ги потсетува учениците внимателно да ги прочитаат сите прашања и понудени одговори пред да започнат со задачата. Учениците самостојно ја извршуваат задачата за поврзување, а потоа ги споредуваат одговорите во парови. Се преслушува звучниот запис (преписот е во Прирачникот за наставник, стр. 126–127). Следи проверка со целото одделение преку отворени парови. На крај, наставникот бара учениците да ги изимитираат прашањата и одговорите за проверка на разбирањето.<br>***Завршна активност*** | • Учебник<br>• Наставнички прирачник<br>• Табла (обична или бела табла)<br>• Фломастери / креда<br>• Проектор / интерактивна табла<br><br>Флеш-картички flashcards<br><br>**Аудио уред или звучник** – За пуштање снимки (приказни, дијалози, песни). | -Усни /писмени одговори (активно учество на час изработка на вежба) |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Наставникот им дава на учениците вежбање со новиот јазик така што ги дели во мали групи и им дава по четири хартиени кругови. Учениците цртаат емотикон на секој круг. Потоа две групи играат заедно: секоја група избира по еден емотикон без да му го покаже на другата група. Групите се обидуваат да ја погодат емоцијата прашувајќи „Are you (angry)?“ и одговараат „Yes, I am“ или „No, I’m not.“<br><br>***Рефлексија***<br><br>• Наставникот дава кратки насоки како да се пополни листата за самооценување поврзана со активностите на дадениот час.<br><br>**Вреднување на работата на учениците преку формативно следење**<br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа прилагодена од час број 1<br><br>**Диференцирани активности:**<br><br>**Диференцирана активност – "Пронајди и залепи"**<br>**Преглед со поддршка:** Наставникот му го пушта на ученикот видеото, но со паузи, објаснува на едноставен јазик што се случува и покажува на сликите.<br><br>**Рефлексија**<br><br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | **Наставникот** набљудува дали учениците:<br><br>ги препишуваат зборовите точно,<br><br>правилно ставаат ✔ или ✘,<br><br>умеат да кажат здравствена или физиолошка состојба |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 9 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS 5 АНГЛИСКИ ЈАЗИК ЗА ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 9 Holiday plans 6 часа | Време за реализација: јуни 2026 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Граматичк и структури:**<br><br>присвојни придавки и присвојни заменки *(my-mine, your-yours, his-his, her-hers, its, our-ours, their-theirs)* | Прави разлика меѓу присвојни придавки и присвојни заменки во еднина и множина и правилно ги употребува во даден контекст. | **1 час**<br><br>**___.__.2026**<br><br>**Час број 105** | ***Воведна активност***<br>Наставникот на табла запишува две реченици со пропуштени зборови, на пример *This is* ___ *book* и *This book is* ___. Учениците ја забележуваат разликата во структурата и предлагаат можни зборови што недостасуваат. Наставникот ги води кон заклучок дека станува збор за зборови што покажуваат сопственост. Кусо се објаснува дека денес ќе учат како правилно да разликуваат и користат присвојни придавки и присвојни заменки.<br>***Главни активности - стр 134***<br>Наставникот дава јасно објаснување за разликата: присвојната придавка стои пред именка, а присвојната заменка ја заменува целата именска група. На табла се прикажуваат примери во еднина и множина (my–mine, your–yours, their–theirs). Учениците добиваат кратки реченици во парови и треба да одлучат дали недостасува придавка или заменка. Потоа секој пар чита по една реченица пред класот и го образложува изборот. Следи кратка игра „Correct or Not?“ каде наставникот чита реченици со грешка, а учениците ја исправуваат. Учениците добиваат краток дијалог кој треба да го допишат користејќи ги соодветните форми. Наставникот прошетува, ги следи учениците и дава повратни информации. Неколку ученици доброволно го читаат својот исправен дијалог.<br>***Завршна активност***<br>Наставникот поставува две–три кратки проверувачки прашања | • Учебник<br>• Наставнички прирачник<br>• Табла (обична или бела табла)<br>• Фломастери / креда<br>• Проектор / интерактивна табла<br><br>Флеш-картички (flashcards<br><br>**Аудио уред или звучник** – За пуштање снимки (приказни, дијалози, песни). | Се набљудува дали учениците препознаваат и опишуваат свои рутини и дали разбираат зошто тие се важни. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | за да утврди разбирање. Учениците следно составуваат по една реченица со присвојна придавка и една со присвојна заменка. Се читаат неколку примери и се појаснуваат евентуални недоразбирања. Наставникот прави кратко резиме и најавува дека утре ќе ги применуваат овие форми во краток описен текст.<br><br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа<br>***Рефлексија***<br>**Диференцирана активност**<br><br>**За ученици со потешкотии:**<br>– Наместо да пополнуваат од меморија, добиваат лист со можни зборови за пополнување и го избираат точниот.<br><br>**За напредни ученици:**<br><br>Осмислуваат сопствени реченици со нови зборови инспирирани од активностите на часот, па ги разменуваат со друг пар за пополнување.<br><br>**Рефлексија**<br><br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? (5 минути) | | **Наставникот** набљудува дали учениците:<br>ја пополнуваат табелата точно,<br>користат меморија,<br>соработуваат во пар. |



resursi.literatura.mk

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 9 Holiday plans 6 часа | Време за реализација: јуни 2026 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Граматички структури:**<br><br>показни заменки (*this - these*) | Користи соодветна показна заменка во еднина или множина и соодветна форма на глаголот *to be* во *Present Simple Tense* за да состави реченица со која се опишува | **1 час**<br><br>**___.__.2026**<br><br>**Час број 106** | ***Воведна активност***<br>Наставникот ги повторува присвојните придавки my, his, her, your така што користи предмети од училницата. Го држи своето пенкало и вели This is my pen**.** Потоа покажува кон пенкалото на Ученик А и вели This is your pen. Потоа го држи пенкалото на друг ученик и го поттикнува Ученик Б да каже This is his pen или This is her pen. Активноста продолжува со други предмети и различни ученици.<br>***Главни активности***<br>Наставникот им објаснува на учениците дека ќе повторуваат зборови од претходните единици, но целта е да составуваат реченици со показни заменки и глаголот *to be* во Present Simple. Флеш-картите со слики се поставуваат свртени надолу во девет купчиња, според темите: рутини, животни, места во градот, храна, мебел, делови од лице, транспорт, спортови и активности на одмор. Учениците се делат во три групи, а наставникот кажува една категорија за првата група, која треба да погодат збор што мислат | Табла и маркер/креда **–**<br><br>Флеш-картички<br><br>Учебник (SB – Student's Book)<br><br>Тетратки и пенкала/моливи<br><br>Реален или играчка часовник со подвижни стрелки<br><br>**Аудио уред или звучник –** | **-** Набљудување (Observation)<br><br>Проверка на тетратки<br><br>Усна проверка<br><br>Чек-листа со емоции<br><br>**Наставникот** набљудува дали учениците:<br>• формулираат прашања со *Does*,<br>• даваат точни одговори според |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | нешто. | | дека се наоѓа на некоја од картите. Кога ќе погодат, земаат една флеш-карта и групата мора да состави реченица со соодветна показна заменка, на пример this is a cat, that is a bus, these are apples или those are chairs. Ако реченицата е точна, групата ја задржува картата и продолжува играта со останатите групи. На крај победува групата што собра најмногу флеш-карти.<br>***Завршна активност***<br>Учениците го прават активноста со налепници во парови, наставникот објаснува дека ученик А тајно ги поставува налепниците на сликата од SB Activity 1 без да ги залепи, а ученик Б треба да го слуша и да ги постави своите налепници на истите позиции според упатствата што ги дава ученик А.<br>**Диференцирана активност**<br>**За ученици со потешкотии:**<br>– Добиваат помошна табела со готови прашања и треба само да изберат ✔ или ✘ за одговорот<br>**За напредни ученици:**<br>– Сами формулираат нови прашања и одговори<br>**Инструмент за самооценување:** чек листа<br>***Рефлексија***<br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | За пуштање снимки (приказни, дијалози, песни). | табелата. |

**Чек-листа за следење на напредок** Име и презиме: ______________________

| Цел | Добро | Делумно | Треба поддршка |
|---|---|---|---|
| Формулираат реченици со показни заменки | | | |
| даваат точни одговори на прашањата. | | | |



resursi.literatura.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| Соработува при работа во пар | | | |

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 9 Holiday plans 6 часа | Време за реализација: јуни 2026 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| **Содржина (и поими)** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио за часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Лексички единици:**<br><br>екологија: *species, marine, ecosystem, pollution, environment, waste, trash, recycling, climate change* | Репродуцира и самостојно продуцира усвоени лексички единици на теми поврзани со здравјето, екологијата и заштитата на животната средина. | **1 час**<br><br>**___.__.2026**<br><br>**Час број 107** | ***Воведна активност***<br>Целта е да се повторат материјалите, наставникот поттикнува учениците да ги наведат материјалите што ги паметат од Unit 5, на пример дрво, метал, пластика, стакло, ткаенина, потоа го предава зборот „рециклирање“ и дискутира со учениците кои материјали можат да се рециклираат.<br>***Главни активности***<br>Целта е да се продлабочи разбирањето на учениците за тоа што вклучува рециклирањето, наставникот поттикнува учениците да наведат предмети што можат да ги користат на одмор и кои можат да се рециклираат, помага со прашања како: Што користиш кога јадеш/пиеш? Со што се играш? Што користиш во хотели?, а учениците одговараат користејќи ја структурата You can recycle … кога даваат примери.<br>***Завршна активност***<br>Целта е да се продлабочи разбирањето на тоа што е рециклирање, наставникот ја покажува логото за рециклирање и прашува учениците дали виделе контејнери за рециклирање во своето место на живеење, поттикнува да ги набројат главните категории отпад, како хартија, стакло, пластика и органски отпад, потоа учениците работат во мали групи, добиваат хартија и им се доделува една категорија, цртаат голем контејнер со | табла со маркер, тетратки на учениците, устен диктат или флеш-картички (по избор)<br>**Аудио уред или звучник** – За пуштање снимки (приказни, дијалози, песни). | **Наставникот** набљудува дали учениците:<br>• ги препознаваат ликовите,<br>• ги именуваат супермоќите,<br>• покажуваат разбирање на приказната.<br><br>на табла како пример и за финална проверка |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | логото и категоријата на него и предмети кои припаѓаат на таа категорија, а на крај контејнерите се поставуваат во училницата.<br>**Диференцирана активност**<br><br>**За ученици со потешкотии:**<br>– Добиваат лист со реченици за поврзување.<br>**За напредни ученици:**<br>– Сами пишуваат кратки реченици.<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа<br><br>***Рефлексија***<br><br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? (5 минути) | | |

## Рубрика за оценување

Име и презиме: _______________________ Датум: ____________

| Критериум | ✅ = целосно совладано | = делумно | ❌ = не е совладано |
|---|---|---|---|
| Разбира текст и реплики | | | |
| Јасно зборува | | | |
| Користи емоции и интонација | | | |
| Соработува во група | | | |
| Го разбира значењето на приказната | | | |



resursi.literatura.mk

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 9 Holiday plans 6 часа | Време за реализација: јуни 2026 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| **Содржина (и поими)** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио за часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Интеркултурни содржини:**<br>● глобални случувања: значењето на животната средина, актуелните климатски специфики, како и влијанието на климатските промени како на физичките карактеристики на планетата | Ја опишува непосредната животна средина.<br>● Репродуцира и самостојно продуцира усвоени фрази, изрази и колокации поврзани со заштитата на животната средина.<br>● Составува едноставни реченици со кои го опишува | **1 час**<br>**___.__.2026**<br>**Час број 108** | ***Воведна активност***<br>Целта е да се прегледа вокабуларот, наставникот ги поттикнува учениците да набројат што треба да прават и што не треба да прават за да ја заштитат животната средина кога одат на одмор и ги охрабрува да користат „Don't“ кога е соодветно.<br>***Главни активности***<br>Целта е да се овозможи учениците да ја изразат својата креативност и да ја применат научената содржина за заштита на животната средина. Наставникот им објаснува дека ќе изработуваат страници за албум од одмор во кој можат да залепат слики и предмети кои ќе им помогнат да се потсетат на одморот, учениците во парови избираат место за одмор, прават белешки за првите три прашања за својот одмор, потоа наоѓаат слики за да ги залепат или цртаат нови и ги копираат насловите од примерот за да напишат информации под нив, а кога страниците ќе бидат готови, наставникот ги спојува за да се направи голем албум за одмор на класот и ги фотографира за дигиталните портфолија на учениците.<br>***Завршна активност***<br>Целта е да се вежба новиот јазик. Наставникот објаснува дека учениците работат во парови, си ги покажуваат и читаат меѓусебно она што го напишале во WB Активност 5 и ги поттикнува да го покажат | Аудио-снимка од приказната<br>Учебници на учениците<br>**Аудио уред или звучник** – За пуштање снимки (приказни, дијалози, песни). | - Го следи разбирањето и вклученоста на учениците во активноста.<br>· Поттикнува самодоверба и ги охрабрува групите да настапат пред класот. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Земја така и на населението и организацијата на животот | човековото влијание врз животната средина. | | своето работење и на другите парови во класот.<br><br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа<br>**Диференцирана активност**<br><br>**За ученици со потешкотии:**<br>– Добиваат лист со реченици за поврзување.<br>**За напредни ученици:**<br>– Сами пишуваат кратки реченици.<br><br>***Рефлексија***<br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | |



resursi.literatura.mk